МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 18 став 4 од Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/2007), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА УВЕРЕНИЕТО ЗА ПОТЕКЛО НА РЕПРОДУКТИВЕН МАТЕРИЈАЛ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на уверението за потекло на репродуктивен материјал од семенски извор или семенски насад, од семенски плантажи или родителски стебла и од клонови или мешавина на клонови.

## Член 2

Уверението за потекло на репродуктивен материјал од семенски извор или семенски насад се издава на бела хартија во А4 формат и содржи: Република Македонија, уверение број, латинско и народно име, вид на репродуктивен материјал (семе, делови од растение, садница), категорија на репродуктивен материјал (идентификуван, селектиран), тип на основен материјал (семенски извор, семенски насад), намена, регистарски број на основниот материјал/на мешавината, потекло на основниот материјал (автохтоно, неавтохтоно, непознато), потекло на неавтохтониот основен материјал, ако е познато, земја и провениенциско подрачје на основниот материјал, надморска височина и/или климатско-вегетациско-почвено подрачје на основниот материјал, година на берење- собирање на семето, количина на репродуктивен материјал, дали репродуктивниот материјал за кој се издава ова уверение настанал со делење на поголема партија-пратка за која веќе било издадено уверение за потекло, да, не, старост на садници, дали материјалот добиен од семе потоа бил последователно вегетативно размножуван, да, не, други значајни податоци, име и адреса на производителот/трговецот, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, дата, место за печат и потпис на стручно лице.

Образецот на уверението од став 1 на овој член е даден во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Уверението за потекло на репродуктивен материјал од семенски плантажи или родителски стебла се издава на бела хартија во А4 формат и содржи: Република Македонија, уверение број, латинско и народно име, назив на основниот материјал (како што е наведено во Регистарот), вид на репродуктивен материјал (семе, делови од растение, садница), категорија на репродуктивен материјал (квалификуван, тестиран), тип на основен материјал (семенска плантажа, родителски стебла), намена, регистарски број на основниот материјал, потекло на основниот материјал (автохтоно, неавтохтоно, непознато), потекло на неавтохтониот основен материјал, ако е познато, земја и провениенциско подрачје на основниот материјал, семето е добиено со ( слободно опрашување, дополнително опрашување, контролирано опрашување), година на берење- собирање на семето, количина на репродуктивен материјал, дали репродуктивниот материјал за кој се издава ова уверение настанал со делење на поголема партија-пратка за која веќе било издадено уверение за потекло, да, не, време поминато во расадник, број на компоненти кои ги претставуваат фамилиите, клоновите, надморска височина на основниот матријал, дали основниот материјал е генетски модифициран, да, не, за репродуктивен материјал добиен од родителски стебла, шема на вкрстување, учество на родителски стебла во проценти, дали материјалот добиен од семе потоа бил последователно вегетативно размножуван, да, не, други значајни податоци, име и адреса на производителот/трговецот, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, дата, место за печат и потпис на стручно лице.

Образецот на уверението од став 1 на овој член е даден во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

## Член 4

Уверението за потекло на репродуктивен материјал од клонови или мешавина на клонови се издава на бела хартија во А4 формат и содржи: Република Македонија, уверение број, латинско и народно име, назив на клонот или мешавината на клонови, вид на репродуктивен материјал (делови од растение, садница), категорија на репродуктивен материјал (квалификуван, тестиран), тип на основен материјал (клон, мешавина на клонови), намена, регистарски број на основниот материјал, потекло на основниот материјал (автохтоно, неавтохтоно, непознато), потекло на неавтохтониот основен материјал, ако е познато, земја и провениенциско подрачје на основниот материјал, дали основниот материјал е генетски модифициран, да, не, метод на размножување, број на циклуси за размножување, количина на репродуктивен материјал, дали репродуктивниот материјал за кој се издава ова уверение настанал со делење на поголема партија-пратка за која веќе било издадено уверение за потекло, да, не, време поминато во расадник, мешавина на клонови, број на клонови во мешавината, учество на одделни клонови во мешавината во проценти, други значајни податоци, име и адреса на

производителот/трговецот, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, дата, место за печат и потпис на стручно лице.

Образецот на уверението од став 1 на овој член е даден во Прилог 3, кој е составен дел на овој правилник.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 09 - 12546/1
1 октомври 2008 година

Скопје

Министер,

Ацо Спасеноски, с.р.

**ПРИЛОГ 1**

**УВЕРЕНИЕ**
**ЗА ПОТЕКЛО НА РЕПРОДУКТИВЕН МАТЕРИЈАЛ**
**ОД СЕМЕНСКИ ИЗВОР ИЛИ СЕМЕНСКИ НАСАД**

| | |
|---|---|
| РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | УВЕРЕНИЕ БРОЈ: |

**Се потврдува дека шумскиот репродуктивен материјал опишан подолу е произведен :**

| | |
|---|---|
| во согласност со директивата на ЕУ | |
| под преодни услови | |

1. Латинско и народно име: ____________________

| 2. Вид на репродуктивен материјал : | | 3. Категорија на репродуктивен материјал : | | 4. Тип на основен материјал | |
|---|---|---|---|---|---|
| Семе | | идентификуван | | семенски извор | |
| Делови од растение | | селектиран | | семенски насад | |
| Садница | | | | | |

5. Намена: ____________________
6. Регистарски број на основниот материјал: ____________________
/на мешавината: ____________________

7. Потекло на основниот материјал:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Автохтоно | | Неавтохтоно | | Непознато | |

8. Потекло на неавтохтониот основен материјал, ако е познато: ____________________

9. Земја и провениенциско подрачје на основниот материјал :____________________
Провениенција (локација): ____________________
10. Надморска височина и/или климатско-вегетациско-почвено подрачје на основниот материјал :
____________________
11. Година на берење - собирање на семето:____________________
12. Количина на репродуктивен материјал : ____________________

| 13. Дали репродуктивниот материјал за кој се издава ова Уверение настанал со делење на поголема партија/пратка за која веќе било издадено Уверение за потекло? | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Број на претходното Уверение за потекло: | | |
| Количина на репродуктивниот материјал во првобитната партија/пратка: | | |

14. Старост на садници :____________________

| 15. Дали материјалот добиен од семе, потоа бил последователно вегетативно размножуван ? | ДА | НЕ |
|---|---|---|

Метод на размножување: ______________ Број на циклуси на размножување: ___________

16. Други значајни податоци: ____________________

| 17. Име и адреса на прозводителот/трговецот |
|---|
| |

| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br><br>Дата: | М.П. | Потпис на стручно лице: |
|---|---|---|

**ПРИЛОГ 2**

**УВЕРЕНИЕ**
**ЗА ПОТЕКЛО НА РЕПРОДУКТИВЕН МАТЕРИЈАЛ**
**ОД СЕМЕНСКИ ПЛАНТАЖИ ИЛИ РОДИТЕЛСКИ СТЕБЛА**

| | |
|---|---|
| РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | УВЕРЕНИЕ БРОЈ: |

**Се потврдува дека шумскиот репродуктивен материјал опишан подолу е произведен :**

| | |
|---|---|
| во согласност со директивата на ЕУ | |
| под преодни услови | |

1. а) Латинско и народно име:
   б) Назив на основниот материјал (како што е наведено во Регистарот): ______________________

| 2. Вид на репродуктивен материјал : | | 3. Категорија на репродуктивен материјал : | | 4. Тип на основен материјал | |
|---|---|---|---|---|---|
| Семе | | квалификуван | | семенска плантажа | |
| Делови од растение | | тестиран | | родителски стебла | |
| Садница | | | | | |

5. Намена: ______________________________________________________________________

6. Регистарски број на основниот материјал:

7. Потекло на основниот материјал:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Автохтоно | | Неавтохтоно | | Непознато | |

8. Потекло на неавтохтониот основен материјал, ако е познато: ______________________________

9. Земја и провениенциско подрачје на основниот материјал :__________________________ ____
   Провениенција (локација):

10. Семето е добиено со:

| | |
|---|---|
| слободно опрашување | |
| дополнително опрашување | |
| контролирано опрашување | |

11. Година на берење - собирање на семето:

12. Количина на репродуктивен материјал : ______________________________________________

| | | |
|---|---|---|
| 13. Дали репродуктивниот материјал за кој се издава ова Уверение настанал со делење на поголема партија/пратка за која веќе било издадено Уверение за потекло? | ДА | НЕ |
| Број на претходното Уверение за потекло: | | |
| Количина на репродуктивниот материјал во првобитната партија/пратка: | | |

| | |
|---|---|
| 14. Време поминато во расадник: | 15. Број на компоненти кои ги претставуваат:<br>фамилиите: ______________________________<br>клоновите: |

16. Надморска височина на основниот материјал: ______________________________________

| | | |
|---|---|---|
| 17. Дали основниот материјал е генетски модифициран? | ДА | НЕ |

| |
|---|
| 18. За репродуктивен материјал добиен од родителски стебла:<br>Шема на вкрстување: ________________ Учество на родителски стебла (во %): ____________ |

| | | |
|---|---|---|
| 19. Дали материјалот добиен од семето потоа бил последователно вегетативно размножуван ? | ДА | НЕ |

Метод на размножување: _______________ Број на циклуси на размножување: ____________

20. Други значајни податоци: _________________________________________________________

| |
|---|
| 21. Име и адреса на прозводителот/трговецот |

| | | |
|---|---|---|
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br>Дата: | М.П. | Потпис на стручно лице: |

**ПРИЛОГ 3**

**УВЕРЕНИЕ**
**ЗА ПОТЕКЛО НА РЕПРОДУКТИВЕН МАТЕРИЈАЛ**
**ОД КЛОНОВИ ИЛИ МЕШАВИНА НА КЛОНОВИ**

| РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | УВЕРЕНИЕ БРОЈ: |
|---|---|

**Се потврдува дека шумскиот репродуктивен материјал опишан подолу е произведен :**

| | |
|---|---|
| во согласност со директивата на ЕУ | |
| под преодни услови | |

1. а) Латинско и народно име: ______
   б) Назив на клонот или мешавината на клонови ______

| 2. Вид на репродуктивен материјал : | | 3. Категорија на репродуктивен материјал : | | 4. Тип на основен материјал | |
|---|---|---|---|---|---|
| Делови од растение | | квалификуван | | клон | |
| Садница | | тестиран | | мешавина на клонови | |
| | | | | | |

5. Намена
6. Регистарски број на основниот материјал: ______
7. Потекло на основниот материјал:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Автохтоно | | Неавтохтоно | | Непознато | |

8. Потекло на неавтохтониот основен материјал, ако е познато: ______
9. Земја и провениенциско подрачје на основниот материјал :______ ___
   Провениенција (локација): ______

| | | |
|---|---|---|
| 10. Дали основниот материјал е генетски модифициран? | ДА | НЕ |

11.
   а) Метод на размножување: ______
   б) Број на циклуси за размножување : ______

12. Количина на репродуктивен материјал : ______

| | | |
|---|---|---|
| 13. Дали репродуктивниот материјал за кој се издава ова Уверение настанал со делење на поголема партија/пратка за која веќе било издадено Уверение за потекло? | ДА | НЕ |
| Број на претходното Уверение за потекло: | | |
| Количина на репродуктивниот материјал во првобитната партија/пратка: | | |

14. Време поминато во расадник: ______

15. За мешавина на клонови:
   Број на клонови во мешавината: ______
   Учество на одделни клонови во мешавината ( во % ): ______

16. Други значајни податоци: ______

17. Име и адреса на производителот/трговецот:

| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br><br>Дата: | М.П. | Потпис на стручно лице: |
|---|---|---|